АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

# У П А Т С Т В О

## ЗА КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ЗА 2025 ГОДИНА

## МЕРКА 2.2 , 1.6, 1.7, 1.8, 4.1 и 4.2

Март 2025

## ВОВЕД

Упатството има за цел да ги запознае заинтересираните субјекти од обласа на рибарството и аквакултурата со целта, начинот на спроведување и намената на средства од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година, вклучувајќи го и појаснувањето на процесот на одобрување на барањата и потребните документи кои треба да се достават.

## ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година претставува збир на мерки за спроведување на политиката во рибарството и аквакултурата. Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата во 2025 година е изработена согласно Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/21), а во врска со член 112 од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24). Програмата содржи мерки за инвестиции во рибарството, мерки за инвестиции во аквакултурата и во преработката на риби и производи од риби, за техничка помош, за пилот проекти и мерки за развој на нови пазари и промотивни кампањи и се стреми кон зголемување на конкурентноста и модернизација на производството на риба, како квалитетна и безбедна храна, стопанисување со рибите преку оддржлив развој, заштита на природните ресурси и подобрување на условите за живот во руралните средини и руралната економија. Програмата ги почитува барањата на современата политика во рибарството на Европската Унија во поглед на зачувување на животната средина и одржување на пределите, зачувување на биодиверзитетот, креирање на нови извори на приход на руралната популација, примена на нови технологии за производство на квалитетни и прифатливи производи од потрошувачите и производство на традиционални производи.

### Што се финансира со мерките од Програмата?

Мерките се насочени кон финансирање на капитални инвестиции и финансирање на оперативни и материјални трошоци. Во одредени случаи се финансираат и трошоците за изработка на градежни проекти. Финансиската поддршка се однесува исклучиво на инвестиции кои се наведени како прифатливи инвестиции во рамки на секоја потточка одделно.

### Што нема да се финансира со мерките од Програмата?

Со мерките од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година нема да се финансираат јавните давачки по основ на даноци, јавни царински давачки, судски такси, лизинг, осигурителни премии и надомест за социјално здравствено и пензиско-инвалидско осигурување.

### Исплата на средства?

Исплатата на средствата за мерките дефинирани во оваа Програма ја врши Агенцијата, преку Секторот за одобрување на исплата, во висина на вредност на прифатливи трошоци со исклучок на даноци, јавни царински давачки и складиштење, судски такси, лизинг, осигурителни премии и надомест за социјално, здравствено и пензиско-инвалидско осигурување.

## НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

### ОПШТИ ПРИНЦИПИ

Финансирањето од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година се врши врз основа на одобрено барање за исплата на средства по објавен јавен повик за доставување на барања.

**Доделената финансиска поддршка е неповратна.**

### ОСТАНАТИ ПРИНЦИПИ

- **Принцип на единечно финансирање** - Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година финансира типови на инвестиции кои не се финансираат од други грант фондови, од Буџетот на Република Северна Македонија или други фондови од донаторски или финансиски институции, а се со цел да се избегне двојно финансирање на самата инвестиција.
- **Принцип на грант** - Поддршката по овој основ подразбира доделување на неповратни финансиски средства (грант) од Буџетот на Република Северна Македонија.
- **Принцип на видливост** - Корисникот е должен во рок од 5 години да има истакнато налепница или натпис на инвестицијата со која означува дека инвестицијата е ко-финасирана со средства од Програмата.

### МЕРКИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

| *Мерка 1* | *Финансиска поддршка во рибарството* | *Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник* |
|---|---|---|
| Потточка 1.6 | Дополнителна заштита на рибите во риболовните води | - **до 30.000 денари за заштита на риболовните ревири и рекреативни зони**<br>- **до 150.000 денари за заштита на риболовни зони**<br>- **до 400.000 денари за заштита на риболовни подрачја** |
| Потточка 1.7 | Набавка на опрема за заштита на рибите во риболовните води | - **до 30.000 денари** |
| Потточка 1.8 | Финансиски средства за отстранување на постоечките нарушувања на животната средина | - **до 60.000 денари** |

| *Мерка 4* | *Развој на нови пазари и прпмотивни кампањи* | *Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник* |
|---|---|---|
| Потточка 4.1 | Финансиска поддршка за промоција на рибарство | - **до 300.000 денари** |
| Потточка 4.2 | Финансиска поддршка за маркетинг и промоција на аквакултурно производство | - **до 300.000 денари** |

| *Мерка 2* | *Финансиска поддршка во аквакултурата* | *Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник* |
|---|---|---|
| Потточка 2.2 | Финансиска поддршка за порибителен материјал | - **50% од вредноста на набавениот или сопствениот подмладок** |

## КРИТЕРИУМИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ БАРАТЕЛОТ И МАКСИМАЛНА ВРЕДНОСТ НА ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ

### Корисници

- За потточка 2.2- Субјекти кои поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал од рибник наменет за промет и да немаат увезено подмладок и/или жива риба во периодот декември 2024 - декември 2025 година од видот риба за која поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал за сопствено насадување на рибникот.
  За набавен подмладок, субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и се запишани во регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и имаат купено подмладок од субјекти кои поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал од рибник наменет за промет и кои немаат увезено подмладок и жива риба во периодот декември 2024 - декември 2025 година.

- За потточка 1.6, 1.7 и 1.8 - Концесионерите на рибите од риболовните води само за 1.6. Еден концесионер може да користи средства само за еден одреден период на природен мрест и забрана за риболов

- За потточка 4.1 – Рибарски и риболовни здруженија и концесионерите/корисниците на риби

- За потточка 4.2 – Субјекти регистрирани за дејност аквакултура и се запишани во регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството и/или организации на производители запишани во Регистарот на организации на производители кој се води во Министерството

**Висина на финансиската поддршка**

Средствата од потточка 1.6 се наменети за надомест на прифатливи трошоци за дополнителна физичка заштита на рибите која се врши во време на природен мрест на рибите утврден во риболовната основа и донесеното решение за забрана на риболов по одделни риболовни води за периодот од 1 ноември 2024 година до 30 септември 2025 година, и тоа за направени трошоци за:

-услуги од трети лица (рибочувари) за физичка заштита на рибите во висина од не повеќе од просечна месечна бруто плата во дејноста по ангажирано лице

-набавено гориво за пловни објекти во сопственост на концесионерот или даден на користење на концесионерот

-набавено гориво за возила во сопственост или дадени на користење на концесионерот

-изнајмување на пловни објекти од трети лица

Средствата од потточка 1.7 се наменети за надомест на прифатливи трошоци за набавка на опрема за видео надзор на риболовните води.

Средствата од потточка 1.8 се наменети за надомест на прифатливи трошоци за изведување на акции за чистење на препреки и отстранување на цврстиот отпад од и до риболовните води.

Средствата од потточка 2.2. се наменети за набавка на порибителен материјал за насадување на рибниците во период од 10 февруари до 31 мај и од 1 јули до 31 октомври 2025 година.

Средствата од потточка 2.2. се исплаќаат скалесто и тоа:

- за купен или сопствен подмладок до 3.500 кг – 100% од вредноста на утврдената цена на подмладокот;

- за купен или сопствен подмладок од 3500 кг до 7000 – 75% од вредноста на утврдената цена на подмладокот;

- за купен или сопствен подмладок од 7000 кг до 9000 – 50% од вредноста на утврдената цена на подмладокот;

- за купен или сопствен подмладок над 9000 кг – 25% од вредноста на утврдената цена на подмладокот.

Средствата од потточка 4.1 се наменети за надомест на трошоци за промоција на производи од рибарство за традиционална посебност.

Средствата од потточка 4.2 се наменети за надомест на трошоци за промоција и маркетинг на аквакултурното производство и спроведување на национални кампањи за промоција и маркетинг за производи од аквакултура.

## ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ

Агенцијата ќе издаде решенија за исплата во рамките на расположливите средства за секоја потточка со барателите кои ги исполниле условите за стекнување со право на користење финансиска поддршка. Доколку до Агенцијата се поднесат повеќе барања отколку што има расположливи средства согласно Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година, **Агенцијата ќе им даде предност на оние баратели кои го поднеле своето барање порано од останатите.**

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ПРИ ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ИСПЛАТА

**ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ ЗА 2.2.1 купен подмладок**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Копија заверена на нотар од Дозвола за производство на порибителен материјал (за баратели кои поднесуваат барање за набавка на порибителен материјал од рибникот каде е набавен истиот)/Решение за регистрација на мрестилиште | | Да |
| 2. | Копија заверена на нотар од Извод/Решение од регистарот на одгледувачи на риби и водостопанство / Решение за запишување во регистар на вршители на аквакултура (издадени од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство) | | Да |
| 3. | Копија заверена на нотар од важечка Дозвола за аквакултура/Решение за издавање на Дозвола за аквакултура (издадена од МЗШВ – Одделение за рибарство и аквакултура) | | Да |
| 4. | Копија заверена на нотар од Дозвола за користење на вода за одгледување на риби (издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање) | | Да |
| 5. | Уверение за здравствена состојба на рибите (само за набавениот порибителниот материјал) издадено од овластен ветеринар | | Да |
| 6. | Доказ за потекло на рибата – за порибителниот материјал издаден од рибникот/мрестилиштето кој што специфично ги содржи видовите риби, бројната состојба и нивната тежина | | Да |
| 7. | Изјава заверена на нотар дека барателот нема увезено подмладок и/или жива риба во периодот од Декември 2024 до Декември 2025 | | Да |
| 8. | Спецификација на извршено порибување кој задолжително треба да ги содржи следните податоци:<br>- број на единки, со наведена просечна грамажа и базен/кафез во кој е извршено порибувањето, период на насадување (дд.мм.гг) | | Да |
| 9. | План за порибување (доколку корисникот планира да насади дополнителен порибителен материјал во роковите утврдени во јавниот повик) кој содржи:<br>- количина на порибителниот материјал, просечна грамажа, период на насадување (дд.мм.гг) или<br>Изјава од барателот дека не планира да насади дополнителен порибителен материјал за периодот за кој бара поддршка | | Да |
| 10. | Оригинал Фактури кои ги докажуваат реализираните трошоци уредно заверени (само за набавен порибителен материјал) | | Да |
| 11. | Детални испратници за испорачаниот порибителен материјал (оригинал, уредно заверени) | | Да |
| 12. | Налог за плаќање ПП30 на име на барателот со кој се извршува плаќањето (уредно заверени од страна на банката) | | Да |
| 13. | Извод од банка на име на барателот кој што го докажува плаќањето на финансиските средства | | Да |
| 14. | Тековна состојба на правното лице од единствениот трговски регистер и регистерот на други правни лица, (само за правни лица, не постара од 1 месец од датумот на поднесување на барањето) | Н/П | Да |

**ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ ЗА 2.2.2 сопстевено производство**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Копија заверена на нотар од Дозвола за производство на порибителен материјал/ Решение за регистрација на мрестилиште | | Да |
| 2. | Копија заверена на нотар од Извод/Решение од регистарот на одгледувачи на риби и водостопанство / Решение за запишување во регистар на вршители на аквакултура (издадени од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство) | | Да |
| 3. | Копија заверена на нотар од важечка Дозвола за аквакултура/Решение за издавање на Дозвола за аквакултура (издадена од МЗШВ) | | Да |
| 4. | Копија заверена на нотар од Дозвола за користење на вода за одгледување на риби (издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање) | | Да |
| 5. | Доказ за потекло на рибата – за порибителниот материјал издаден од мрестилиштето кој што специфично ги содржи видовите риби, бројната состојба и нивната тежина | | Да |
| 6. | Изјава заверена на нотар дека барателот нема увезено подмладок и/или жива риба во периодот од Декември 2024 до Декември 2025 | | Да |
| 7. | Спецификација на извршено порибување кој задолжително треба да ги содржи следните податоци:<br>- број на единки, со наведена просечна грамажа и базен/кафез во кој е извршено порибувањето | | Да |
| 8. | План за порибување (доколку корисникот планира да насади дополнителен порибителен материјал во роковите утврдени во јавниот повик) кој содржи количина на порибителниот материјал, просечна грамажа, период на насадување (дд.мм.гг) или<br>Изјава од барателот дека не планира да насади дополнителен порибителен материјал за периодот за кој бара поддршка | | Да |
| 9. | Детални испратници за испорачаниот порибителен материјал (оригинал, уредно заверени) | | Да |
| 10. | Копија од матична книга од евидентирани полово зрели и селектирани матици (уредно заверена) за насадување на рибникот со сопствен порибителен материјал | | Да |
| 10. | Тековна состојба на правното лице од единствениот трговски регистер и регистерот на други правни лица, (само за правни лица, не постара од 1 месец од датумот на поднесување на барањето) | Н/П | Да |

За потточка 1.6 , 1.7 и 1.8

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Оригинал финансиски документи (Фактури, Испратници, Договори за услуги и др.) кои докажуваат направени трошоци за набавка на опрема или користење на услуги | Да |
| 2. | Доказ за извршено плаќање на финансиските документи (ПП30, Извод од банка и др.) уредно заверени, на име на барателот | Да |
| 3. | Копија од Договор за концесија/Договор за користење на рибите заверен на нотар | Да |
| 4. | Доказ за донесена забрана на риболов по одделни риболовни води за потточка 1.6 | Да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Пловидбена дозвола за пловни објекти – чамци во сопственост на концесионерот/корисникот на рибите или се дадени на користење на концесионерот/корисникот на рибите за потточка 1.6 | Н/П | Да |
| 6. | Сообраќајна дозвола за возила–соствено во сопственост на концесионерот/корисникот на рибите или се дадени на користење на концесионерот/корисникот на рибите за потточка 1.6 | Н/П | Да |
| 7. | Договор за користење на возила или пловни објекти (заверен на нотар) за потточка 1.6 | Н/П | Да |
| 8. | Одобрен Елаборат за видео надзор одобрен од Агенција за заштита на лични податоци за потточка 1.7 | Н/П | Да |
| 9. | Согласност од општината/надлежен орган за известување за акции за чистење за потточка 1.8 | Н/П | Да |

MERKA 4 потточка 4.1 и 4.2

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Оригинал финансиски документи (Фактури, Испратници, Договори за услуги и др.) кои докажуваат направени трошоци | | Да |
| 2. | Доказ за извршено плаќање на финансиските документи (ПП30, Извод од банка и др.) уредно заверени, на име на барателот | | Да |
| 3. | Копија од Договор за концесија/Договор за користење на рибите заверен на нотар (за потточка 4.1) | Н/П | Да |
| 4. | Тековна состојба на правното лице од единствениот трговски регистер и регистарот на други правни лица | | Да |
| 5. | Решение за упис во Регистарот на одгледувачи на риби при МЗШВ (за потточка 4.2) | Н/П | Да |
| 6. | Решение за упис во Регистарот на организации и производители на риби при МЗШВ (за потточка 4.2) | Н/П | Да |
| 7. | Доказ/Извештај за направена промоција на производи од рибарството со традиционална посебниост (за потточка 4.1) | | Да |
| 8. | Доказ/Извештај за направена промоција и маркетинг на аквакултурното производство и /или спроведување на национални кампањи за промоција и маркетинг за производи од аквакултура (за потточка 4.2) | | Да |

## ПОСТАПКА НА ОДОБРУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ИСПЛАТА

По административната проверка доколку барањето за исплата е комплетно и соодветно, предметот ќе биде проверен на лице место од страна на овластени лица на Агенцијата кои имаат за цел да ја проверат фактичката состојба односно дали истата е во согласност со приложената документација со барањето за исплата. По извршената контрола на лице место, ќе биде изработен извештај во кој детално ќе биде опишана фактичката состојба утврдена на лице место. Истиот треба да биде потпишан од страна на лицата кои ја вршат контролата и од самиот корисник или овластено лице од страна на корисникот. Во случај на забелешка на извршената контрола, корисникот има право истата да ја наведе во извештајот.

По извршената контрола, доколку се констатира дека фактичката состојба е во согласност со податоците наведени во барањето за исплата и приложената

документација, се продолжува со постапката за одобрување на исплата. Доколку се констатира неусогласеност се продолжува постапката за одбивање на барањето за исплата или одобрување на намалена вредност за исплата.

Откако ќе биде одобрена исплатата, Агенцијата донесува решение за одобрување на исплата. Доколку биде одбиено барањето за исплата, Агенцијата донесува решение за одбивање.

Со решението крајниот корисник ќе биде известен за сумата која му е одобрена т.е одбиена, притоа може да приложи жалба во управна постапка до Управен суд согласно законските предвидени постапки.

## ГЕНЕРАЛНИ НАПОМЕНИ

1. Барателот поднесува едно уредно и комплетно пополнето барање за секоја мерка/потточка одделно.
2. Барателот ја доставува документација во затворен плик, преку пошта на адреса: Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, ул. бул„3-та Македонска Бригада, бр.20 (зграда на Македонија Табак Блок Ц) 1000 Скопје, или со предавање во архивата на Агенцијата. На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува "НЕ ОТВАРАЈ" и мерката / потточката за која аплицира.
3. Исплатата на средствата од оваа програма ја врши Агенцијата во висина на вредност на прифатливи трошоци согласно оваа Програма со исклучок на вредноста на јавните давачки по основ на даноци, јавни царински давачки, судски такси, лизинг, осигурителни премии и надомест за социјално, здравствено и пензиско-инвалидско осигурување.
4. Одобрените и исплатени средства се неповратни
5. Доколку барателот или корисникот на средства од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година ја промени адресата за коресподенција, истиот е должен да ја извести Агенцијата.
6. Доколку барателот се откажува од инвестицијата односно не бара финансиска поддршка од Агенцијата, пред донесување на одлука за ко-финансирање, истиот е должен писмено да ја извести Агенцијата
7. Агенцијата го задржува правото да побара дополнителна документација.

Образецот-Барање за исплата на средства заедно со листата на потребни документи кои се доставува во прилог на барањето се достапни на веб страната на Агенцијата: www.ipardpa.gov.mk, и во архивата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. За подетално информирање на потенцијалните баратели на финансиска поддршка изготвено е Упатство за корисници за сите мерки кое исто така може да се подигне на горе споменатите места.

**НАПОМЕНА: Во случај на техничка грешка во текстот на овој оглас важат одредбите од Програмата за финансиска поддршка на рибарство и аквакултура за 2025 година.**

Контакт:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување на исплата.

Телефон 02 3097 450

Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk

# У П А Т С Т В О

## ЗА КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ЗА 2025 ГОДИНА

Ова Упатство е БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК наменет за потенцијалните корисниците на средствата од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година во кој се содржани сите информации за критериумите, условите за прифатливост на проектите и условите за финансирање и останати информации кои се неопходни за изготвување на „Барањето за исплата на средства".

Примероците од ова Упатство заинтересираните можат да ги подигнат

директно во:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, бул. „ 3-та Македонска бригада" бр.20 (зграда на Македонија Табак блок Ц ) 1000 Скопје или

електронска верзија на пакетот за аплицирање на веб-адресата на Агенцијата:

www.ipardpa.gov.mk